Врз основа на член 50 и 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), решавајќи по Барањето за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-1185/1 од 02.02.2026 година на Друштво за угостителство и трговија ТИАМО ДОО експорт импорт с.Глумово, Скопје-Подружница 1 ТИАМО с.Глумово, Скопје, со седиште на ул."1722„ бр.106 с.Глумово, Општина Сарај, Градоначалникот на Град Скопје донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата **Друштво за угостителство и трговија ТИАМО ДОО експорт импорт с.Глумово Скопје-Подружница 1 ТИАМО с.Глумово Скопје**, со седиште на ул."1722„ бр.106 Глумово, Општина Сарај.

2. **Се задолжува Друштво за угостителство и трговија ТИАМО ДОО експорт импорт с.Глумово Скопје-Подружница 1 ТИАМО с.Глумово Скопје,** да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во оваа дозвола.

3. Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во дневен весник, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, на сметка на операторот.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштво за угостителство и трговија ТИАМО ДОО експорт импорт с.Глумово-Скопје-Подружница 1 ТИАМО с.Глумово Скопје, (понатаму: оператор), до Градоначалникот на Град Скопје поднесе Барање за обнова на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-1185/1 на ден 02.02.2026 година (понатаму: Барање).

Операторот врши дејност: Обработка и преработка наменети за производство на храна од животински суровини (освен млекото), со капацитет на готови производи од 5 до 75 t/ден, која согласно член 122 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25) и Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/05), задолжително подлежи на добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

По разгледувањето на Барањето, Градоначалникот на Град Скопје како надлежен орган за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став (1) од Законот за животната средина (понатаму: надлежен орган), изготви пресметка и достави Налог за плаќање на надоместок при поднесување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола до операторот бр.17-1836/2 од 23.02.2026 година. Износот на надоместокот беше пресметан согласно Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија" бр.117/07, 64/10 и 186/16).

Операторот изврши уплата на надоместокот при поднесување на Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола и достави доказ за извршена уплата на 05.03.2026 година.

По разгледување на поднесеното Барање, надлежниот орган утврди дека истото не е изготвено согласно пропишаната форма и содржина во Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), а во врска со член 124 од Законот за животната средина, по што побара дополнување на Барањето со Заклучок бр.08-1185/2 од 03.03.2026 година.

Операторот достави Дополнувања на Барањето за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-1185/3 од 02.04.2026 година, дополнување бр.1185/4 од 24.04.2026 година и дополнување бр.17-1185/5 од 30.04.2026 година.

На 04.05.2026 година е извршен увид во инсталацијата од страна на овластено службено лице од Секторот за заштита на животната средина согласно член 2 став (7) од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), при што е изготвен Записник за извршен увид бр.17-1185/6 од 04.05.2026 година со кој се задолжува операторот да го дополни Барањето со дополнителни информации.

Операторот постапи согласно Записникот за извршен увид и достави дополнувања на Барањето бр.17-1185/7 од 13.05.2026 година.

Барањето се објави во два дневни весници „Вечер" и „Коха" на 30.04.2026 година, како и на веб страницата на Град Скопје, согласно член 122 став (4) и член 99 од Законот за животната средина.

Надлежниот орган на ден 13.05.2026 година, со допис бр.17-11724/4 го достави комплетното Барање до Општина Сарај, а со цел доставување мислење и забелешки по однос на Барањето. Општина Сарај достави Мислење дека дава позитивно мислење во однос за обнова на Б-интегрираната еколошка дозвола.

Надлежниот орган изготви Нацрт дозвола бр.17-1185/8 од 15.06.2026 година.

Нацрт дозволата е објавена на 02.07.2026 година во два дневни весници „Вечер" и „Коха", и на веб страницата на Град Скопје, согласно член 122 став (4) и 107 став (13) од Законот за животната средина, а со цел консултирање на јавноста. По објавената Нацрт дозвола немаше забелешки од страна на засегнатата јавност.

Операторот достави Допис на објавите во два дневни печати на Нацрт дозвола бр.17-1185/8 од 03.07.2026 година.

На 31.07.2026 година е извршен увид на инсталацијата од страна на овластено службено лице од Секторот за заштита на животната средина на Град Скопје согласно член 9 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, при што изготвен е Записник за извршен увид бр.17-1185/9, со кој е констатирано дека се исполнети условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Надлежниот орган врз основа на целосното Барање, по завршувањето на целокупната постапка и согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина, утврди дека операторот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави на веб страницата на Град Скопје и во два дневни весници достапни на целата територија на Република Северна Македонија во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, при што објавата во дневниот весник е на трошок на операторот, а согласно член 113 и член 122 став(4) од Законот за животната средина.

Врз основа на горенаведеното надлежниот орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Согласно член 126 став (2) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22 и 171/22, 3/25 и 124/25), против ова решение може да се поднесе жалба во писмена форма до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инсекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на донесување на решението.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на 14. 09. 2026 година, под број 08-1185/12.

Изготвил:
Оливера Николовска Савиќ
Контролирал:
Ирина Шентевска Арџанлиева
Согласен:
Соња Цветковиќ Чолакова
Одобрил:
Мирјана Јорданова

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски

Доставено до:
- Архива на Град Скопје
- Друштво за угостителство и трговија ТИАМО ДОО експорт импорт с.Глумово-Скопје-Подружница 1 ТИАМО с.Глумово Скопје Сектор Инспекторат на Град Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање